РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1347/2
28-10-2024 г./v.

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување накорупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и членот 40 ставови 1 и 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 9-та седница одржана на 09.10.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-1347/1 од 09.04.2024 година, оформен по пријава против лицето --------, Претседател на ------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат поради тоа што од страна на пријавеното службено лице нема преземено дејствија, односно нема сторено пропуштање во извршувањето на неговите јавни овластувања и службените обврски кои се спротивни на позитивните законски прописи и кои укажуваат на корупција во смисла на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1347/1 од 09.04.2024 година да се архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 09.04.2024 година, е поднесена пријава за лицето ------, Претседател на ------, врз основа на која е оформен предмет со број 12-1347/1 од 09.04.2024 година.

Во пријавата подносителот наведува дека согласно со одредбите од Законот за високо образование, член на ------ може да биде само професор што е во редовен работен однос на универзитетите. Од 03.10.2023 година, професорот на

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Универзитетот ------ ------ од ------, ------ ------ бил веќе во пензија, но се уште е член на ------ ------ за ------ ------ и неоправдано земал хонорари веќе 8 месеци, со одобрение на претседателката ------ ------. Подносителот на пријавата смета дека со тоа претседателката свесно вршела криминални дејствија исплаќајќи хонорари на професорот кој бил во пензија, а со тоа и сите одлуки кои истиот ги гласал биле невалидни.

ДКСК по разгледувањето на предметната пријава, констатира дека наводите од истата не укажуваат на преземање на дејствија кои претставуваат корупција во смисла на дефиницијата утврдена во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Согласно со чл.42 од Законот за високото образование ( „Службен весник на Република Македонија" бр.82/2018, бр.178/2021 и бр.58/2024), (1) Националниот совет е составен од 15 члена кои ги избира Собранието на Република Македонија и тоа:

- шест членови од редот на професорите во работен однос на универзитетите во Република Македонија, кои се избираат на предлог на Интеруниверзитетската конференција со тајно гласање, при што секој од нив е од различно научно-истражувачко поле од прво ниво според Меѓународната фраскатиева класификација (природно-математички науки; техничко-технолошки науки; медицински науки и здравство; земјоделски и ветеринарни науки; општествени науки и хуманистички науки),

- шест членови од редот на професорите во работен однос на универзитетите во Република Македонија, кои се избираат на предлог на Владата на Република Македонија, при што секој од нив е од различно научно-истражувачко поле од прво ниво според Меѓународната фраскатиева класификација (природно-математички науки; техничко-технолошки науки; медицински науки и здравство; земјоделски и ветеринарни науки; општествени науки и хуманистички науки),

- еден член на предлог на Македонската академија на науките и уметностите од редот на членовите на Македонската академија на науките и уметностите,
- еден член од деловната заедница и

- еден член од редот на студентите на предлог на Интеруниверзитетската конференција.

(2) За членови на Националниот совет не може да бидат лица избрани за ректор, проректор или претседател на сенат на универзитет, декан или продекан на факултет, односно директор на висока стручна школа, директор на научен институт кој изведува високообразовна дејност, член на Одборот за акредитација или член на Одборот за евалуација.

(3) Мандатот на членовите на Националниот совет е 4 години без право на повторен избор.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, членот кој се избира од редот на студентите, се избира за период од две години без право на повторен избор.

(5) Членовите на Националниот совет од ставот (1) од овој член кои се од редот на професорите, предложени од Интеруниверзитетската конференција и од Владата на Република Македонија потребно е да имаат објавено најмалку десет научни труда во референтна научна публикација, освен професорите по стручно уметнички предмети.

(6) Мандатот на членот на Националниот совет престанува по сила на закон во следните случаи:

- смрт на членот на Националниот совет или трајна неспособност за вршење на неговата функција,

- оставка на членот на Националниот совет,

- ако на членот на Националниот совет му престане статусот на професор, односно член на Македонската академија на науките и уметностите, односно на студент;

- ако членот на Националниот совет стапи на должност или функција која е неспојлива со функцијата член на Националниот совет, согласно закон.

(7) Во случаите од ставот (6) на овој член, Претседателот на Собранието на Република Македонија го констатира настапувањето на престанокот на функцијата на членот на Националниот совет на првата наредна седница.

(8) Собранието на Република Македонија го разрешува членот на Националниот совет, на Предлог на Националниот совет, доколку истиот подолго од шест месеци не ги извршува обврските утврдени со закон и со другите прописи.

Согласно со чл.44 од Законот за високото образование,

(1) Националниот совет работи и одлучува на седници.

(2) Националниот совет може да одлучува доколку на седницата се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

(3) Работата на Националниот совет е јавна.

(4) Начинот на работа на Националниот совет поблиску се уредува со Деловник за работа.

(5) Националниот совет избира претседател со тајно гласање од редот на членовите за време од две години, без право на повторен избор.

(6) Претседателот на националниот совет го застапува и претставува Советот.

(7) Националниот совет може да формира стручни работни тела/комисии за потребите на својата работа.

(8) Надоместокот за работа и за трошоци на членовите на Националниот совет и за работните тела/комисии, го утврдува Собранието на Република Македонија, врз основа на присуство на седници и/или обем и сложеност на извршени работи.

(9) Националниот совет еднаш годишно поднесува извештај за својата работа до Собранието на Република Македонија.

(10) Стручните, административните и помошно-техничките работи за потребите на Националниот совет ги врши Министерството за образование и наука.

Посоченото лице проф.д-р ------ ------ од Универзитетот „------ ------ “ ------ е избрано за член на ------ ------ за ------ ------ со Одлука на Собранието на Република

Северна Македонија, донесена на седницата одржана на --.--.---- година, на предлог на Интеруниверзитетската конференција.

Во членот 42 став 6 од Законот за високо образование, таксативно се набројани случаите кога по сила на закон престанува мандатот на член на ------ ------, меѓу кои не спаѓа и пензионирањето.

Според чл 175 став 2 од Законот за високото образование, (2) Редовниот професор на факултет, односно уметничка академија со изборот заснова работен однос на неопределено време и го задржува звањето редовен професор доживотно. Исто така, согласно со членот 5 став 2 од истиот закон, (2) Редовните професори остануваат членови на академската заедница и по нивното пензионирање.

Во конкретниот случај на проф. д-р ------ ------ не му престанал изборот во наставно - научно звање редовен професор, што е законски основ за престанок на мандатот, туку истиот се пензионирал од своето работно место на универзитетот во текот на траењето на неговиот мандат како член на ------ -----, но и по пензионирањето го задржал звањето ----- ------.

Освен тоа, и во случај кога се исполнети условите за престанок на мандатот на членот на ------ ------ предвидени во член 42 став 6 од Законот за високот образование, согласно со ставот 7 од истиот член, престанокот на функцијата на членот ја констатира Претседателот на Собранието на Република Македонија, а не претседателот на ------ ------. Претседателот на ------ ------ согласно со законските надлежности само го застапува и претставува Советот, а прашањата за избор, разрешување и престанок на мандатот на членовите на ----- ------, како и прашањето за надоместокот за работа и за трошоци за членовите, се во надлежност на Собранието на Република Северна Македонија.

Од изнесените причини, ДКСК оцени дека наводите од пријавата не се потврдуваат поради тоа што од страна на пријавеното службено лице нема преземено дејствија, односно нема сторено пропуштање во извршувањето на неговите јавни овластувања и службените обврски кои се спротивни на позитивните законски прописи и кои укажуваат на корупција во смисла на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: М-р В.З, Виш соработник
Контролирал: М-р К.З, Раководител на одделение
Согласен: М-р И.П, Раководител на сектор
Одобрил: С.С.М, Член на ДКСК